ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2020

ЗДРУЖЕНИЕ „ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ“ - ШТИП

Сутјеска 59, 2000 Штип

Мај 2020

Гласен Текстилец

Гласен Текстилец
Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

Гласен Текстилец

Мисија:

Визија:

Автор: Здружение „Гласен Текстилец“ – Штип.

Улица: Пролетерска број 42, 2000 Штип,

Северна Македонија.

glasentekstilec@gmail.com

Уредници:

Кристина Ампева
Благојче Дишоски

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 3
ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ 5
ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН 5
ОРГАНИЗИРАНИ ГРАЃАНИ ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИДНИНА 7
УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ТЕКСТИЛНИТЕ РАБОТНИЧКИ ОД ИСТОЧНИОТ РЕГИОН 9
ОДГОВОР НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 ПРЕКУ ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА НИСКО-ПЛАТЕНИ РАБОТНИЦИ, РАБОТНИЦИ КОИ СЕ ДЕЛ ОД НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ РАБОТНИЦИ 12
ИНСТИТУЦИОНАЛНО И ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈКИТЕ ОД ИСТОЧЕН РЕГИОН 14

ПРЕДГОВОР

Почитувани работници и работнички, пријатели, донатори и соработници,

Здружението за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ од Штип е непрофитна организација формирана во мај 2017 година од активисти за човекови и работнички права, поранешни и сегашни работнички од текстилната индустрија. Идејата да се формира „Гласен Текстилец“ е произлезена од претходното искуство како активисти и вработени во текстилната индустрија, бидејќи ја увидовме потребата да се започне со решавање и актуелизирање на проблемот со ниските плати, лошите и небезбедни услови за работа, мобинг и дискриминација на работно место во секторот за производство на облека и чевли. Работејќи на овој проблем, наидовме на затворени врати од институциите, неинформираност кај работниците/чките за нивните работнички и човекови права, недостиг од информации за заштита при прекршувања на работнички права, заштита од мобинг, дискриминација и повреда на работно место. Наидовме на инертни синдикати, односно, еден единствен синдикат кој има репрезентативност во оваа гранка, а истиот според изјави на работници, тотално нефункционален.

Здружението е формирано се со цел да ја подигне свеста на властите, институциите, синдикатите, па и самите работници и работнички за прекршувањето на работничките права, ниските плати и кршење на законот за работни односи, закон за социјална заштита, закон за минимална плата и разните состојби кои се недозволиви во една држава која претендира да биде членка на ЕУ.

Изминатата 2020 година, „Гласен Текстилец“ имплементира 4 проекти, а дел од нив беа посветени за намалувањето на штетите предизвикани од глобалната пандемија со Ковид-19 вирусот. Од март минатата 2020та година, до денес, правниот тим на Гласен Текстилец даде правна помош на текстилни работници

и работнички, но и на останати вработени од јавен и приватен сектор. Поднесувани беа барања за инспекциски надзори во фирми, изготвувани изјави и барања до работодавачи, отпочнати судски постапки, известувања до Општински кризни штабови, учество во работни групи и иницијативи при изготвување на Ковид-19 економските пакети за компании и граѓани и многу други активности и иницијативи преку кои успеавме да ги намалиме штетите од негативните ефекти од пандемијата која што удри најсилно врз жените, младите и вработените во приватниот сектор, а особено во текстилната и чевларската индустрија.

Срдечно,

Кристина Ампева,

претседателка на „Гласен Текстилец“.

Гласен Текстилец
Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Назив	**„Пристап до правда во источниот регион“**
Портфолио	Притисни тука
Донатор	Фондација Отворено општество - Македонија
Период на имплементација	01.11.2019 – 30.06.2020
Главна цел	✓ Унапредување и почитување на човековите права преку подобрување на пристапот до правда на граѓаните.
Специфични цели	➢ Приказ на моменталната состојба и задоволството на граѓаните од институциите одговорни за пристапот до правда и правично судење ➢ Информирани граѓани и институции за важноста од поглавје 23 како неопходно за пристап на нашата држава кон ЕУ.

Активности:

- ✓ **Теренско, онлајн и телефонско истражување за задоволството на граѓаните од институциите и судовите при пристапот до правда:** беше изготвен прашалник за 400 испитаници/чки за тоа дали се соочиле со проблем при прекршувања на нивните права, каде се обратиле, колку се задоволни од работата на институциите кога пријавиле прекршување, дали некогаш биле приморани да ги бараат своите права во судска постапка, дали се задоволни од исходот во постапката, дали се одвивале во нормални временски рокови и слично. Притоа да се забележи колку е достижен пристапот до правда во судовите.
- ✓ **Локална кампања(медиумска)за важноста од областите од поглавје 23: б**еа изготвени флаери и постери за тоа што е опфатено во Поглавјето 23 за да граѓаните се информираат и ја разберат важноста на исполнување на таа обврска од нашата држава и институции како неопходен услов за забрзување на пристапот кон ЕУ. Планирано е да бидат опфатени граѓаните на општина Штип и најмалку 20.000 граѓани кои ги следат социјалните мрежи на нашата организација.

- ✓ **Мониторинг на судски случаи и студија на случај:** членови од нашата организација следеа судски случаи поврзани со човекови права во судовите во Штип и Свети Николе. Беа направени 2 студии на случај кои беа важни да се прикажат во финалната анализа, судот како начин за пристап до правда.
- ✓ **Изработка на анализа во која ќе бидат опфатени истражувањата и мониторингот на судски случаи, студија на случај: а**нализата ги содржи сите активности во овој шестмесечен проект, во која е објаснета анкетата и мислењето на граѓаните за пристап до правда во нашата земја, забелешки за судските случаи и студиите на случај, мислења и препораки од правникот/адвокат вклучен во проектот базирани на неговата досегашна работа и пракса на судовите. Анализата може да се погледне тука.

ОРГАНИЗИРАНИ ГРАЃАНИ ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИДНИНА

Назив	Организирани граѓани за организирана иднина
Портфолио	Притисни тука
Донатор	Олоф Палме Интернационален Центар - Шведска
Период на имплементација	01.01.2020 -31.12.2020 година

Активности:

- ✓ **Бесплатната правна** помош беше од најголемо значење во целиот период бидејќи вработените имаа потреба од совети во време кога се случуваше оваа здравствена криза и масовни отпуштања од работа.
- ✓ **Текстилијада #4:** Преку настанот **Текстилијада 4**, се презентира работата на здружението за цела година, се дава видливост на борбата за работнички права и потребата за достоинствена работа и плат. Правото на култура и уметност за оние кои во минатото ја создавале истата дури и на своето работно место. За превенирање на злоупотреби и прекршувања на работнички права, правно описменување на мобинг и дискриминација на работно место, важна е едукацијата на средношколците, како би имале млади кои ги знаат своите права и обврски од работен однос.
- ✓ **Текстилијада 2020:** Фестивал со низа активности. Дебата со Локалниот економски совет на тема: *„Заедно кон социјален дијалог на локално ниво“;* отворање на фестивалот „Текстилијада“ и откривање на уметничко дело на скулпторот Андреј Митевски; дебата: *„Работнички права во време на корона - корона права“; п*ромоција на третото издание на весникот на „Текстилец“; културно уметничка претстава; стрип изложба од авторот: Никола Костовски и кино прокеции.
- ✓ **Весник „Текстилец“:** Преку продукција на весникот, ги презентираме најновите случувања, истражувања и теми поврзани со работничките права и работата на Гласен Текстилец со правни совети за заштита на нивните работнички права.
- ✓ **Едукација на 100 млади луѓе од регионот пред првиот работен однос:**

- ➢ Со зајакнување и започнување на работата на Локалниот економско - социјален совет, иницираме социјален дијалог на локално ниво со сите

релевантни чинители и да се започне позитивна пракса за соработка што може да се прошири и во другите градови во источниот регион.

- Преку работата со младите волонтери, се јакнат нивните капацитети и знаења како би имале идни граѓани, работници, работодавачи, носители на одлуки кои ќе ги носат промените и бидат свесни за потребата од граѓански активизам, почитување на човековите и работничките права, заштитата од мобинг и дискриминација како фундаментални права и обврски на едно одговорно и зрело општество.

OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER

Sweden
Sverige

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ТЕКСТИЛНИТЕ РАБОТНИЧКИ ОД ИСТОЧНИОТ РЕГИОН

Назив	**Унапредување на правата на текстилните работнички од источниот регион** **#трудбездискриминација** **#СтопЗаДискриминацијатаВрзТекстилнитеРаботнички**
Портфолио	Притисни тука
Донатор	Финансиски поддржан од Реактор – Истражување во акција, Мрежата на жени на Косово (Kosovo Women's Network), и нивните партнери во проектот „Унапредување на работничките права на жените". Овој проект е финансиран од Европската Унија и ко-финансиран од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (СИДА).
Период на имплементација	01.02.2020 – 31.03.2021
Главна цел на проектот	✓ Зголемено и подобрено знаење за значењето на родово базираната дискриминација кај работничките и Локалните механизми во Општина Штип.
Специфични цели на прокетот	➢ Подобрено опкружување за поднесување на пријави до надлежните институции од страна на текстилните работнички. ➢ Работничките се едуцирани и свесни за правните нормативи за заштита од дискриминација. ➢ Зајакнати капацитети на Гласен Текстилец за работата и заштитата од родово базираната дискриминација.

Активности:

✓ **Промотивен настан, презентација на целите на проектот и очекуваните резултати од проектот:** промотивниот настан поради состојбата со пандемијата со Ковид - 19 и мерките донесени од Владата за организирање на настани со ограничен број на луѓе, беше откажан и одржан како конференција во склоп на Текстилијада 4, преку онлајн платформата ЗООМ. На конференцијата беа презентирани целите и проектните активности каде што беа вклучени и сите засегнати страни во проектот.

- ✓ **Промотивни материјали за проектот (цели и резултати, период) постер и флаери, торбички:** беа изработени промотивни материјали за проектот од страна на ангажираниот дизајнер. Беа презентирани резултатите и проектните активности на 50 постери, 70 флаери дистрибуирани преку одржаните средби во канцеларијата за правна помош како и преку одржана улична кампања, 60 торбички (поделени за време на едукативна сесија со работнички и завршниот настан на проектот).

- ✓ **Видео кампања за подигнување на свеста:** беше изработено видео за состојбата на текстилните работници за време на пандемија со КОВИД - 19 како и донесените мерки и препораки донесени од Владата за заштита и запознавање со нивните права во текот на работниот процес. Видеото беше објавено на социјалните мрежи Facebook и Instagram.

- ✓ **Ангажирање на правник/чка:** за потребите на проектот беше ангажирана правничка за давање на правни совети и поднесување на претставки до надлежните институции, како и за одржување на неформални состаноци со текстилните работнички за давање на бесплатна правна помош.

- ✓ **Едукативна сесија со текстилни работнички и претставници од Еднакви можности, НП, КЕМ на тема дискриминација на работното место, надвор од Штип:** беше одржана тридневна едукативна сесија за родово - базирана дискриминација на работно место со 20 текстилни работнички. На сесијата свое излагање имаа и учесници од: Комисија за еднакви можности, Државниот советник од регионалната канцеларија на Народниот правобранител, како и претставник на Државниот инспекторат за труд кои ја презентираа нивната работа и надлежностите пред работничките. На сесијата свое излагање имаа и двајца едукатори.

- ✓ **Креирање и печатење на информатор за заштита од родово базирана дискриминација и прекршување на права на жените работнички:** беше изработен информатор за периодот од 20 март до 30 ноември 2020 година. Во овој инфографик е прикажан бројот на случаите кои беа евидентирани, а се однесуваат на родово - базирана дискриминација. Во инфографикот се

дадени и број на поднесени претставки, правни совети и известувања до фирми.

ОДГОВОР НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 ПРЕКУ ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА НИСКО-ПЛАТЕНИ РАБОТНИЦИ, РАБОТНИЦИ КОИ СЕ ДЕЛ ОД НЕФОРМАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ РАБОТНИЦИ.

Назив	„Одговор на социо-економските ефекти од КОВИД-19 преку поддршка на ранливите групи на ниско-платени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работници“
Портфолио	Притисни тука
Донатор	Фондација Отворено општество - Македонија
Период на имплементација	01.07.2020 – 30.06.2021
Главна цел на проектот	✓ Лобирање, застапување и набљудување на спроведувањето на уредбите и мерките кои се однесуваат на безбедност на работно место, почитување на работнички права и исплата на плати за време на пандемијата од Ковид - 19.
Специфични цели на прокетот	➢ Обебедување на правна помош и застапување во граѓански и кривични постапки за остварување на права од работен однос и кривични дела поврзани со работен однос ➢ Собирање на информации и податоци за работењето на институциите надлежни за спроведување на мерките, уредбите и препораките од Владата.

Активности:

✓ **Административна подготовка на проектните активности:** во овој период, првите два месеци беа искористени за административни постапки кои произлегуваат од проектот, како што се отворање на банкарска сметка, одлука и овластување и набавка на лаптоп за непречена реализација на дел од проектните активности.

- ✓ **Организирање на 5 фокус групи заедно со ЗМАИ:** секоја фокус група се состоеше од по 5 текстилни работнички од: Источен, Пелагониски, Североисточен, Југоисточен регион заедно со ЗМАИ.
- ✓ **Следење и застапување на судски случаи:** следење и застапување на 2 стратешки случаи (судски) каде што беа застапувани од страна на адвокатот и проектниот тим.
- ✓ **Средби со текстилни работнички за правно застапување и правни совети:** давање правни совети (во нашата канцеларија и електронска комуникација).
- ✓ **Две видеа за состојбата на работничките права за време на пандемија:** во овие две видеа беше прикажано со што се соочуваа вработените од текстилната индустрија за време на прогласената вонредна состојба, како и разговор со раководители на институции кои беа надлежни за спроведувањето на мерките, уредбите и препораките од Владата, како и работодавачи.

ИНСТИТУЦИОНАЛНО И ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈКИТЕ ОД ИСТОЧЕН РЕГИОН

Проект	„Институционално и економско зајакнување на жените и девојките од Источен регион“
Портфолио	Притисни тука
Донатор	Фондацијата „Жена за Жена“ - Шведска, подружница Скопје (Kvinna till Kvinna Foundation).
Период на имплементација	01.12.2020 – 31.12.2021
Главна цел на проектот	✓ Запознавање на жените текстилни работнички со примери од регионот со цел нивно економски зајакнување, како и со законските механизми што им се достапни за почитување на работничките права и заштита од дискриминација на работното место.

Активности:

- ✓ **Изготвување на промотивни материјали и објави за видливост на социјалните мрежи (2020);**
- ✓ **Анализа на законската рамка (Закон за задруги и Закон за мали и средни претпријатија) со цел лоцирање на можности за финансиска независност и поддршка на текстилните работници (2021);**
- ✓ **Изготвување на краток документ за политики во однос на работата на комисиите за одлучување во управна постапка и за работни односи од втор степен (2021);**
- ✓ **Правно зајакнување на жените и девојките за новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација (2021);**
- ✓ **Тридневна работилница на тема „Економско зајакнување на жените текстилни работнички преку текстилни задруги“ (2021);**
- ✓ **Конференција на тема „Економско зајакнување на жените текстилни работнички преку текстилни задруги“ (2021).**

- **Приоритети:**

За периодот 2020-2023 Гласен Текстилец ги утврди следниве приоритети:

- Сите работници ги знаат сопствените работнички права;
- Државните институции и приватниот сектор ги почитуваат правата на работниците;
- Гласен Текстилец е одржлива и препознаена граѓанска организација.

- **Основни цели и задачи на Здружението се:**

1. Професионалност и транспарентност во работата на здружението;

2. Застапување на интересите во државата од приватниот сектор, со акцент на оние од текстилната, кожарската и чевларската индустрија;

3. Афирмирање и популаризација на проблемите на работниците и кршењето на нивните права;

4. Подигање на свеста на работниците преку едукации,трибини,конференции,семинари и други активности кои се потребни;

5. Учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија;

6. Изградба на сопствена структура за подготвка на проекти за развој и унапредување на здружението;

7. Стумулирање, лобирање, менаџирање, креирање и развој на соработка со

медиумите, бизнис секторот, други невладини организации, фондации, асоцијации и остварување на меѓународна соработка;

8. Поддршка, созадавање и развој на соработка со органите на централната и локалната власт, меѓународни институции и организации, странски амбасади и влади;

9. Стимулирање, поддршка, имплементација и застапување на работниците, преку позитивните примери во европските држави. Учество во решавање, надминување и задоволување на проблемите и потребите на работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија;

10. Вршење и други активности и облици на работа кои придонесуваат за унапредување на правата на работниците ,популаризација на проблемите и подигање на свеста на работниците;

11. Оформување и развој на мрежи и групи со организации со цел зајакнување на капацитетите за подобрување на правата на работниците;

12. Популаризација и афирмација на статусот и кршењето на правата на маргинализираната и ранливата популација која работи во текстилната, кожарската и чевларската индустрија (роми, лгбт, зависници, сексуални работници и др.);

13. Јакнење и развивање на волонтеризмот и волонтерскиот менаџмент и активно вклучување на младите како во организацијата така и надвор од неа;

14. Социјална инклузија и подигање на свеста на граѓаните работници преку уметноста и културата.

- **Вработени и ангажирани:** 5 вработени и 1 ангажиран.